Предлог

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 22-а од Законот за спортот („Сл. весник на РМ“ бр.29/02...106/16) и член 45, став 13 од Статутот на Општина Велес („Сл. Гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ___.12.2021 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Велес во областа**
**на спортот во 2022 година**

## I. Цели

Основни цели на оваа Програма се:

- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативни активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на гражани од областа на спортот:
- Афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на содзавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности;
- Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во државата и надовор од неа.

## II. Активности

При креирањето на Програмата, Општина Велес го имаше предвид предлогот на Сојуз на спортови Велес за поддршка на активности во 2022 година согласно член 22а од Законот за спортот („Сл. весник на РМ“ бр.29/02 …190/16).

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Велес во државата и надвор од неа, како и за равој и поддршка на спортовите во подем.

| | **Активности на Општина Велес за 2022 година** | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | **1.500.000,00** |
| 1.1 | Поддршка на спортски турнири и натпревари | 600.000,00 |
| 1.2 | Вардарска регата „Гемиџии“ | 150.000,00 |
| 1.3 | Меѓународен Велешки пливачки маратон | 200.000,00 |
| 1.4 | Атлетски маратон | 150.000,00 |
| 1.5 | Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2022 година | 50.000,00 |
| 1.6 | Унапредување на спортскиот живот на лицата со телесна инвалидност | 50.000,00 |
| 1.7 | Триатлон | 200.000,00 |
| 1.8 | Непредвидени спортски манифестации | 100.000,00 |
| **2** | **ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ** | **550.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 2.1 | Поддршка СУС | 150.000,00 |
| 2.2 | Поддршка на општински фудбалски сојуз | 300.000,00 |
| 2.3 | Организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица | 100.000,00 |
| **3** | **ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ** | **3.500.000,00** |
| 3.1 | Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти | 1.700.000,00 |
| 3.2 | Поддршка на младински екипи- надомест за користење на спортски објекти | 350.000,00 |
| 3.3 | ГОК „Борец” | 300.000,00 |
| 3.4 | Кошаркарски клуб „Борец – Баскет” | 150.000,00 |
| 3.5 | МРК „Борец 1950” | 150.000,00 |
| 3.6 | ФК „Борец 1919” | 300.000,00 |
| 3.7 | ЖФК „Борец” | 300.000,00 |
| 3.8 | Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри | 150.000,00 |
| 3.9 | Непредвидени трошоци | 100.000,00 |
| **4** | **ИНВЕСТИЦИИ** | **1.250.000,00** |
| 4.1 | Поставување опрема на отворени спортски терени | 200.000,00 |
| 4.2 | Набавка на спортска опрема и реквизити | 50.000,00 |
| 4.3 | Реконструкција на Градски стадион (атлетска патека, трибини и ограден ѕид) | 200.000,00 |
| 4.4 | Реконструкција на спортски терени и објекти | 800.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **6.800.000,00** |

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, од соодветни спортски сојузи во државата, од Агенцијата за спорт и млади од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа програма, а кои во со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2022 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

**IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ а ќе се применува од 01.01.2022 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предлог-програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2022 година претставува континуитет од Програмата за 2021 година. Предлог-програмата содржи во себе забелешки, сугестии и насоки што произлегоа од Советот на Општина Велес и јавните расправи со институциите, граѓанските организации и месните и урбани заедници.

Со оваа Програма, Општина Велес обезбедува финансирање на активностите од спортот на поединци, спортски клубови и сојузи, поддржува и учество на меѓународни спортски натпревари, а континуирано дава поддршка и на целокупниот спортски живот во Општина Велес. Исто така Општина Велес поддржува и кампањи за промовирање на спортот како начин за здрав живот.